О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

23 јануари 2025 година, Гевгелија Број 1 Година XXXXIV

*Содржина*

*Страна*

1. Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на О Гевгелија ------ 03

2. Решение за верифицирање на мандат на член на Советот на О. Гевгелија------------------- 04

3. Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Гевгелија.------------------------- 05

4. Заклучок за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2024 година.-------- 06

5. Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2025 година.-------------------------------------------------------------------------------- 07

6. Заклучок за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2024 година.------------------------------------ 15

7. Програма за финансирање на спортските активности во О. Гевгелија за 2025 година.----- 16

8. Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во О Гевгелија за 2024 година.--33

09. Програмата за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во О Гевгелија за 2025 година.------------------------------------------------ 34

10. Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички план за село (УПС) (КП бр.1008 и 1009 КО Ума)----------------------------- 36

11. Решение за усвојување на годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом ,,Јосип Броз Тито“ – Гевгелија за 2025 година -------------------------------------------------------- 37

12. Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска сорботка--------- 38

13. Одлука за формирање заедничка комисија за меѓуопштинска соработка----------------------- 39

14. Решение за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија------------------------------------------------------------ 41

15. Решение за именување член во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија-------------------------------------------------------------- 42

16. Соопштение за организирање Општ јавен повик за стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија ---------------------------------------------------- 43

17. Јавна објава за увид во документација за издадено одобрение за градење на објект со намена станбена зграда (А2) на КП бр.2934/1, 2934/2, 2934/3, 2933/6 и КП бр.2943/4, г.п. 4.2.10 КО Гевгелија во општина Гевгелија.-------------------------------------------------------------- 45

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**
**.**

Се објавува Решението за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/2
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 46 став (1) став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год. и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.01.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

1.На **Патрик Матх**, член на Советот на Општина Гевгелија, му престанува мандатот на член на Советот на Општина Гевгелија, поради поднесена оставка од лични причини, сметајќи од 22.01.2025 година како ден на одржување на 56-та седница на Советот на Општина Гевгелија.

2.Примерок од Решението за констатирање престанок на мандатот да се достави до членот на Советот и до Општинската изборна комисија од Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-153/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседавач на 56-та седница
на Советот на Општина Гевгелија,
**Петар Апостолов с.р.**

**--------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**
**.**

Се објавува Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/3
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.01.2025 год., разгледувајќи го Предлог-Извештајот на Комисијата за прашања на верификација на мандати, го донесе следново

# РЕШЕНИЕ
**за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гевгелија**

1.Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Гевгелија, **Лазар Шуклев**, од листата на кандидати на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-154/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседавач на 56-та седница
на Советот на Општина Гевгелија,
**Петар Апостолов с.р.**

**----------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Гевгелија**
**.**

Се објавува Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/4
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) алинеа 15 и член 47 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год. и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.) и член 38 став (1) точка 37 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.01.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на Претседател на Советот на Општина Гевгелија**

1.За претседател на Советот на Општина Гевгелија се избира:
-**Ѓорге Попов**, член на Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 157/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседавач на 56-та седница
на Советот на Општина Гевгелија,
**Петар Апостолов с.р.**

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

за објавување на Заклучокот усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2024 година

Се објавува на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/5
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 22.01.2025 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2024 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2024 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09- 141/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

за објавување на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2025 година

Се објавува Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/6
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

-------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 7 став (3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 265/24) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 22.01.2025 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2025 година**

| Програма за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2025 година | |
|---|---|
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓ Законски основи:<br>- Закон за култура;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација.<br><br>✓ Обврски од Национални стратегии и други правни документи:<br>- Статут на Општина Гевгелија; |

| | |
|---|---|
| | - Национална стратегија за родова рамноправност 2022 - 2026 година. |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Со Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година се утврдуваат целите, активности и висината на средствата за нивно финансирање. Програмата ги дефинира целите на културната политика во општина Гевгелија кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно тие да се во функција на културниот развој на општината во 2025 година. Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата. Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Градоначалникот на Општина Гевгелија, на 29 октомври 2024 година, распиша Конкурс за финансирање програми и проекти во областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година. Конкурсот траеше 15 дена, односно до 13 ноември 2024 година. На Конкурсот, можеа да учествуваат: уметници, самостојни уметници, установи од областа на културата со седиште во општина Гевгелија, здруженија на граѓани, физички и правни лица, регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од областа на културата, согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.<br>Апликациите се доставуваа во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и во предвидениот рок за аплицирање пристигнаа 45 апликации. По нивното разгледување, согласно утврдените критериуми за финансирање, на предлог на Градоначалникот е подготвена Програмата. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | - богат, квалитетен и разновиден културен живот на ниво на општината;<br>- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство;<br>- поттикнување и афирмирање на културните разноликости на припадниците на етничките зедници;<br>- достапност на културните добра и вредности до граѓаните и граѓанките;<br>- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;<br>- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;<br>- афирмирање и поддршка на млади уметници и уметнички, и автори и авторки (до 35 години);<br>- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература (книга/стрип албум/графичка новела);<br>- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат |

| | |
|---|---|
| | креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата книга/стрип албум/графичка новела;<br>- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;<br>- воспоставување соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;<br>- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;<br>- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;<br>- организирање меѓународни фестивали што се одржуваат во општина Гевгелија;<br>- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;<br>- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;<br>- изведба на едукативни работилници за деца и млади, за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, лицата со посебни потреби, со цел потикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите и лицата со посебни потреби;<br>- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори. |
| **4. Мерки (или тематска област)** | **ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ РЕАЛИЗИРААТ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА** |

| р. бр. | Апликант | Активности |
|---|---|---|
| 1. | КУД „Танец“- Миравци | 1.Традиционална културно-уметничка манифест<br>2. Концерт по повод Панаѓур „Св. Костадин и Ел<br>3. Гостувања на Фестивали во: Секирник, Ораов<br>Хрватска и Новисланкамен- Инџија, Србија |
| 2. | Дејан Малзарков, Гевгелија | Снимање хумористични видео клипови и изведу<br>претстави |
| 3. | Интернационален детски музички фестивал „Калинка 2023“- Гевгелија | Интернационален детски музички фестивал „Ка |
| 4. | ЗЛУРК „Арт Еквилибриум“- Гевгелија | БОШ 17 Фестивал |
| 5. | Стефчо Стефанов, Гевгелија | Кратки ноќи добри филмови<br>- дводневна проекција на крткометражни арт фи<br>домашни и странски автори |
| 6. | ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија | Музички караван 2025<br>- организирање концерти и работилници |
| 7. | Здружение на Власите на општина Гевгелија „Мегленија“ Ума- Гевгелија | Национален ден на Власите 2025<br>- одбележување на националниот ден на Власи<br>културно-уметничка програма |
| 8. | Петар Димитров, | Учество на младата флејтистка Ана Димитрова |

| | | |
|---|---|---|
| | Гевгелија (родител) | натпревар во Србија и солистички концерт во Гевгелија |
| 9. | Здружение за еднакви можности и остварување на правата на мажите и жените во руралните средини „АФИРМИРА“,<br>Гевгелија | Наследство од југот |
| 10. | Ансамбл за традиционална музика и игри „Бојмија“- Гевгелија | 1. Годишна програма и работа<br>- тренинг, редовни проби, вежбање на репертоар;<br>- изработка на русалиска машка носија (12 комплети);<br>2. Учество на Меѓународен фолклорен фестивал во Сарагоса,<br>3. Концертни активности на Ансамбл Бојмија на фестивали и манифестации во Македонија |
| 11. | ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија | 1. Мјузикл- Печалбари<br>2. Зимска и летна ликовна школа<br>3. Керамичка работилница<br>4. Дочек на Дедо Мраз<br>5. Априлијада 2025<br>6. Фолклор Ѓердан<br>7. Божиќен концерт<br>9. Драмска секција<br>10. Школа за тапани<br>11. Школа за гитара<br>12. Ликовна секција<br>13. Школа за пијано<br>14. Завршен концерт на школа за гитара<br>15. Завршен концерт на школа за тапани<br>16. Детски хор „Божилак“ |
| 12. | Златко Трајков, Гевгелија | Издавање и промоција на книга „Бонтон за сите прилики“ |
| 13. | Миле Смилков, Гевгелија | Квиз на знаење „Кој знае, знае, кој не ќе научи“ |
| 14. | Сузана Стефанова, Гевгелија | Музичко образовни средби Гевгелија 2025<br>- спроведување едукативна музичка работилница наменета за<br>и наставниците од ООМУ „Васо Карајанов“ Гевгелија и организ<br>концерти и јавни настапи. |
| 15. | м-р Киро Ристов, Гевгелија | Издавање книга „Поменик со личните имиња на населението с<br>Смоквица (културно-историски ономастички преглед: Ономаст |
| 16. | Здружение „Внимание“- Гевгелија | Учество на Интернационален натпревар „АРТ Фестивал“ во Не<br>Бугарија |
| 17. | Кире Јанишлиев, Гевгелија | Издавање и промоција на книга „Гевгелија- Порта кон Ев |
| 18. | КУД „Распеани гевгеличани“ Гевгелија | Учество на музички настани во државата и снимање на ЦД |
| 19. | Глигор Гелебешев, Скопје | Меѓународен натпревар за млади пијанисти 2025 |
| 20. | Тања Трајкова, Гевгелија | Самостојна изложба на уметнички слики |
| 21. | ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија | 1. Метрички карван Гевгелија- Неготино |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2. Работилница за креативно пишување 3<br>3. Gevgelija unveiled - туристички водич | |
| 22. | Ѓорге Хаџи-Николов, Гевгелија | Гевгелија Кемп Сајт Фестивал (Проток)<br>- организација на еко-работилници и активности за подигнуван<br>еколошката свест;<br>- културна програма со учество на локални уметници и музича<br>- пост-фестивалски план за подобрување на рекреативните по<br>инфраструктурата;<br>- спроведување на евалуација и собирање на повратни инфор<br>учесниците;<br>- планинарење на Ски Кожуф;<br>- базар на храна;<br>- изложба на скулптури;<br>- операција врати чаша;<br>- проектирање филмови од национални уметници и аниматори<br>со музичка програма и програма за храна;<br>- базар за користена облека. | |
| 23. | ЗГ „Музички моменти“- Гевгелија | „Музички моменти“ Гевгелија (одбележување на јубилеј 25 год<br>- концерти;<br>- семинари, предавања;<br>- музички работилници. | |
| 24. | ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци, Гевгелија | Исцртување и изработка на 3Д Мурал (инспирација од книгата<br>приказна“ и дел од фантазијата на Ван Гог) на ѕидот од запад<br>на игралиштето во ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци | |
| 25. | З КУД „НЕГОРЦИ“ Негорци | 1. Работа на ЗКУД „Негорци“-Негорци<br>- учество на фестивали во регионот и државата;<br>- организирање на четвртиот меморијален фолклорен фестива<br>„Засегогаш со нас“ во Негорци;<br>- учество на 15 Меѓународен детски фолклорен фестивал „Сво<br>2025“ во Бања Лука;<br>- учество на Меѓународен фолклорен фестивал „6 ti Internation<br>Soke Folk Dance Festival“ во Р. Турција. | |
| 26. | ЗГ „Од станица до граница“ | Поетско-музичка манифестација „За тебе љубов моја 2025“ | |
| 27. | Гордана Николоска Петрова, Гевгелија | Изработка и промоција на нов сувенир со културно историско<br>општина Гевгелија | |
| 28. | ЗГ Градски мешан хор ГОРТИНИЈА-Гевгелија | 1. Учество на Меѓународен хорски натпревар и фестивал Musi<br>Roma, Рим, Италија<br>- аудиција и селекција на хористи;<br>- работа со посебни гласови, обработка на текст и музички тек<br>композициите;<br>- обезбедување гардероба, вид на превоз, конечен состав на х<br>- заеднички проби, поставување на конечната интерпретација<br>композициите и сценскиот настап на хорот.<br>2. Редовна работа на хорот<br>- учество на концерти (годишен, Валандово, Кавадарци);<br>- учество на фестивали (Астибо-Штип, Охрид, ТЕХО-Тетово);<br>- настапи на богослужби;<br>- настапи на културно-уметнички настани. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 29. | ООУ „Крсте Мисирков“,<br>Гевгелија | 1. Изложба „Мојата омилена книга“<br>- креирање уникатни корици (300);<br>- презентација на создадени дела. | |
| 30. | ЈОУ Дом на култура „Македонија“-<br>Гевгелија | 1. Џаџеви денови<br>2. Концертна промоција на албумот СТЕПС-Арт Мелодиес Фра<br>(турнеја низ РСМ на Сашо Поповски трио)<br>3. Самостојна изложба на Иван Кал'чев<br>4. „Прашина и сенки“ -мултимедијална изложба на Страхил Пе<br>5. Танго приказна<br>6. „Мевлем“ (циклус концерти)<br>7. „Солак“-самостојна изложба на Љубица Мешкова (25 години<br>творештво)<br>8. Концерт на ансамбл „Консонанс“<br>9. Гевгелиска свадба<br>10. „Bad сарма“-театарска претстава<br>11. Едукативни работилници од областа на традиционалната<br>- сектор за етнокореологија при ЈОУ Дом на култура „Македон<br>12. Целовечерен концерт на вокално инструменталниот состав<br>сектор за етнокореологија при ЈОУ Дом на култура „Македониј<br>13. Изложба и каталог на етнолошки предмети од збирката на<br>на култура „Македонија“- сектор за етнокореологија при ЈОУ Д<br>култура „Македонија“<br>14. Концерт за Тома Манчев „Мој роден град-Гевгелија“<br>15. Театарски претстави<br>16. Гевгелиско културно лето<br>17. Чествување на Спасовден<br>18. Концерт на АКУД „Мирче Ацев“ Скопје | |
| 31. | ЗГ АРТ-УМ 023 Гевгелија | „Арт хаб“- хаб за културни активности:<br>- еднодневна работилница од областа на архитектурата;<br>- работилница од областа на музичко инжинерство;<br>- мастерклас за електронска музика и основи на аналогна синт<br>- еднодневен музички фестивал со настап на домашни и стран<br>артисти;<br>- музички настан во живо- настап на 5 различни инструментал<br>(различни музички жанрови);<br>- промотивен настан на авторски дела на локални артисти од<br>области од нашиот регион. | |
| 32. | ЗКУД „Браќа Толеви“ Прдејци | 1. Гостување во Стара Пазова, Р. Србија по покана од КУД „С<br>Пазова“- Р. Србија;<br>2. Учество на фестивал за ветерани во организација на КУД „<br>Р. Србија;<br>3. Фолклорна вечер во организација на ЗКУД „Браќа Толеви“-<br>повод празникот на селото „Св. Петка“.<br>4. Заедно можеме повеќе!- заеднички концерт на деца со попр | |
| 33. | ЗГ „Мистик денс“ Гевгелија | 1. Учество на Christmas dance competition 2025 (Велес)<br>2. Учество на Artist hub 2025 (Струмица)<br>3. Гевгелија денс фест 2025<br>4. Завршен концерт на студио Мистик<br>5. Учество на Dalmatian dance trophy 2025 | |
| 34. | Здружение на слепи лица- Гевгелија | Вешта жена 2025 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35. | Венци Ристов Гевгелија | Музички поздрав до Гевгелија | |
| 36. | Тодор Новаков, с. Моин- Гевгелија | Моинска вечер | |
| 37. | ЗГ за етно предмети и музејски материјал „МИРАВЧКА СВАДБАЃУРО МАРА“, Гевгелија | Заштита на културното богатство<br>- пребарување, прибирање, реставрација и изложување на ста<br>предмети | |
| 38. | Христијан Чакаров, Гевгелија | Ромска вечер 2025 | |
| 39. | ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија | Монографија: 80 години работа на ООУ „Владо Кантарџиев“ Г | |
| 40. | Д-р Сашо Олумчев, Гевгелија | Издавање на публикација „Микробиологија со епидемиологија<br>литература наменета за ученици и студенти | |
| 41. | ТЕМОВ КРАФТ Скопје | TASTE THE SOUTH GEVGELIJA | |
| 42. | Здружение на музичко-балетски педагози ЛЕГЕ АРТИС Гевгелија | 1. Меѓународен фестивал на уметностите Гевгелија АРТ | |
| - | Одбележување Спасовден | 1. Културно-уметничка програма | |
| - | Одбележување 7 Ноември | 1. Културно-уметничка програма | |
| - | Дополнителни активности | | |
| **вкупно:** | | | |

- За активностите од областа на културата кои не се опфатени со оваа Програма, а ќе се појават во текот на 2025 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општина Гевгелија ќе изврши дополнување на истата.

**4.1. Индикатори:**

* за правни лица:
- број на поддржани институции од областа на културата;
- број на поддржани правни лица кои реализираат активности од областа на културата;
- број на жени и мажи- носители на јавни функции;
- број на жени и мажи во раководните органи на институциите;
- број на жени и мажи- вработени во институциите;
- број на жени и мажи- носители на програмските активности;
- број на вклучени жени и мажи- уметници во програмските активности;
- број на проекти коишто конкретно се однесуваат на жени и конкретно на мажи.

* за физички лица:
- број на поддржани самостојни жени и мажи- уметници;
- број на жени и мажи- носители на програмските активности;
- број на вклучени жени и мажи- уметници во програмските активности;
- број на проекти коишто конкретно се однесуваат на жени и конкретно на мажи.

**4.2. Носител/извршител на мерката:**
- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;
- Одделение за финансиски прашања.

| | |
|---|---|
| **5. Очекувани резултати** | Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата |

| | |
|---|---|
| **од мерките** | и разделени статистички податоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките од Програмата за подобрување на положбата на жените и мажите во областа на културата на локално ниво. И тоа:<br>- жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- систематско и одржливо користење на родово-одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на локално ниво;<br>- редовно собирање и ажурирање на родово-разделени податоци кај сите релевантни чинители;<br>- мерливи индикатори за следење на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите во областа на културата;<br>- зголемена застапеност на жените во органите на одлучување.<br><br>Останати очекувани резултати:<br>- поголема застапеност на младите и лицата со попреченост во културните активности и манифестации;<br>- развој на сите видови уметност на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- развој на културниот туризам;<br>- унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и културните субјекти;<br>- континуирана финансиска и логистичка поддршка на културни манифестации со цел да прераснат во традиционални. |
| **6. Ризици** | Економска и здравствена криза |
| **7. Буџет на програмата и извори на финансирање** | 8.350.000 денари од буџетската програма К4- Културни манифестации и творештво |
| **8. Следење и известување/евалуација** | Следењето на Програмата ќе се врши согласно доставените Наративни и финансиски извештаи на корисниците, коишто поднеле барање за исплата на одобрените средства за реализација на нивните активности.<br>Извештајот за реализација на Програмата ќе го подготви Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и ќе го достави на усвојување од Советот на Општина Гевгелија.<br>За секоја одржана активност од Програмата во текот на годината, Општина Гевгелија ги известува граѓаните преку нејзините официјални веб- и Фејсбук-страна. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата, надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Оваа Програма влегува во сила денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-142/1
22.01.2025 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Ѓорге Попов с.р.**

---------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2024 година.**

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2024 година., што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/7
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 22.01.2025 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2024 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2024 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службе гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-143/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за за финансирање на спортските активности во Општина Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/8
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

-------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 22-а став (2) од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24), член 22 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 202/24 год.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 22.01.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година**

| | |
|---|---|
| Наслов на програмата: Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2025 година | |
| Град/општина | Општина Гевгелија |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт |
| **Вид на програмата** | ☒ Хоризонтална<br>☐ Вертикална |
| **Правен основ** | ✓ Законски обврски:<br>- Закон за спорт;<br>- Закон за локална самоуправа;<br>- Закон за еднакви можности на жените и мажите;<br>- Закон за спречување и заштита од дискриминација. |

| | |
|---|---|
| | ✓ Обврски од национални Стратегии:<br>- Статут на Општина Гевгелија,<br>- Стратегија за родова еднаквост,<br>- Интегрален развоен локален план на Општина Гевгелија (2024 – 2027) |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Со оваа Програма се планираат активности на Општина Гевгелија во обласа на спортот и средствата за финансирање на истите од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Градоначалникот на Општина Гевгелија, на 29 октомври 2024 година, распиша Конкурс за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2024 година. Конкурсот траеше 15 дена, односно до 13 ноември 2024 година. На Конкурсот, можеа да учествуваат: правни и физички лица – државјани на Република Северна Македонија.<br><br>Под правни лица се подразбираат: спортски здруженија, спортски клубови, здруженија на граѓани, училишни спортски сојузи, трговски друштва, акционерски друштва, трговци поединци, регистрирани во Република Северна Македонија за вршење дејност спорт, како и правни лица кои покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, се регистрирани и за вршење дејност спорт.<br><br>Апликациите се доставуваа во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и во предвидениот рок за аплицирање пристигнаа 43 апликации. По нивното разгледување, согласно утврдените критериуми за финансирање, на предлог на Градоначалникот е подготвена Програмата. Одобрени им се средства на 41. физички и правни лица, а одбиени се 2 апликации, на Женски ракометен клуб- Гевгелија поради поништено решение за вршење дејност спорт и на Здружението „Трекс“ од Скопје поради слична активност којашто има локален карактер, а е во организација на АК „7 Ноември“- Гевгелија. |
| **3. Цел на програмата или цели и опис** | Основни цели на оваа Програма се обезбедување услови и преземање системски мерки за поддршка на спортот, односно: спортисти, спортистки, машки и женски спортски клубови, спортски сојузи и (традиционални) спортски манифестации, финансиски ќе поддржува организирање на активности за развој и унапредување на:<br>- традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер;<br>- програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе достават програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес за општина Гевгелија;<br>- програмите, проектите и активностите на спортисти- аматери, учениците и ученичките во основните и средното училиште на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- спортско- рекреативните активности на машки и женски лица со попреченост. |

| | |
|---|---|
| | |

| Предлог-проекти од областа на спортот за 2025 | **4. Мерки (или тематска област)** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Предлог-проекти од областа на спортот за 2025 | | | | | |
| р. б р. | назив/ име на предлагач | Проект | Врем. рамка | Целна група | Одобрени средства од Општина Гевгелија |
| 1. | **АМД „Дичо Панов“- Гевгелија** | 1. Организација и одржување на Трет Гевгелиски велотлон | мај 2025 | - млада популација (рекреативни спортисти и млади кои се занимаваат со велосипедизам, трчање, планинарење итн. | 100.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- одржување спортска манифестација на којашто учествуваат учесници од цела држава;<br>- поттикнување здрав живот и здрави животни навики;<br>- развивање на спортскиот и натпреварувачкиот дух. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- одржан спортско-натпреварувачки настан;<br>- развиен спортски и натпреварувачки дух кај младата популација;<br>- промовирана општина на национално ниво како спортска, но и туристичка дестинација;<br>- обезбедено одржување на патеката којашто во исто време ја користат и спортисти и рекреативци и од други спортски дисциплини. | | | | |
| 2. | **Здружение Мото клуб „Феникс“- Гевгелија** | 1. Мото забава „Фенис“ 2025<br><br>2. Ден на мотокултурата 2025 | 21-22 јуни 2025<br><br>мај 2025 година | - музички групи и пејачи;<br>- бина, озвучување и осветлување<br><br>- обучувачи;<br>- деца учесници | 40.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- подигање на свеста на сите граѓани од Општина Гевгелија на поинаков начин со претставување на мотокултурата;<br>- поттикнување на локалната економија преку мото-собири и настани. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Очекувани резултати:**<br>- спроведена кампања за подигната свест за безбедност при возење мотоцикли;<br>- промовирани професионалните мото-спортови и тимови. | | | | |
| 3. | **ЗГ Тениски клуб „Круна“- Гевгелија** | 1. Организација и одржување наТениски турнир „Круна Опен“<br><br>2. Тениска школа (тренинзи) и | 3 дена во месец октомври 2025 година<br><br>1. 1. – 31.12.2025 | - момци и девојки на возраст до 8, 10 и 12 и рекреативци над 18 години од цела држава,<br><br>- момци и девојки на возраст до 8, 10 и | 40.000 ден. |

<table>
<tr><td rowspan="3"></td><td></td><td>натпреварувачка сезона 2025 (учество на турнири)</td><td>г.</td><td>12 години, членови на ТК „Круна“.</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">Конкретни цели:<br>- промоција и популаризација на тенисот во Општина Гевгелија;<br>- развој на тенисот во Општина Гевгелија и подигнување на тениската култура на младите и правилен физички развој.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Очекувани резултати:<br>- зголемен интересот кај децата за тениската игра;<br>- напредок на членовите на ТК „Круна“;<br>- заокружена рекреативна сезона со натпреварувачки карактер.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">4.</td><td>Општински сојуз на училишен спорт-Гевгелија</td><td>1. Училишни натпревари во рамки на Федерација на училишен спорт на Македонија (футсал, кошарка, ракомет, одбојка, зонски натпревари, регион. и државни натпр.)</td><td>до 31.5.2025 г.</td><td>- машки и женски ученици од основни и државни училишта</td><td>30.000 ден.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Конкретни цели:<br>- да се зголеми спортската активност кај учениците;<br>- осознавање на вредностите на спортот;<br>- создавање навики за редовно спортување и оспособување на учениците да ги почитуваат етничките норми.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Очекувани резултати:<br>- унапреден степенот на квалитетен спортски живот кај младата популација во Општина Гевгелија.</td></tr>
<tr><td rowspan="3">5.</td><td>Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“-Гевгелија</td><td>1. Училишни натпревари во рамки на Федерација на училишен спорт на Македонија (футсал, кошарка, одбојка, гимнаситка, велосипедизам, општински и зонски натпревари, регионални и државни наптревари, натпревари во лиги во училишен спорт)</td><td>до јуни 2025 г.</td><td>- 30 машки и 30 женски ученици од ООУ „Владо Кантарџиев“.</td><td>20.000 ден.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Конкретни цели:<br>- да се подигне нивото на учениците за развивање на животните навики;<br>- зголемување на бројот на членови;<br>- создавање навика за редовно спортување.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Очекувани резултати:<br>- промовиран Клубот и привлечени нови членови;<br>- придонес во развојот на спортот и здравата заедница.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">6.</td><td>Ракометен клуб „Партизан – 2016 Спорт“- Гевгелија</td><td>1. Натпревари во 1. Лига и младинска лига<br><br>2. Камп Дојран 2025</td><td>1.1. – 31.12. 2025 година<br><br>3.8. – 8.8. 2025 година</td><td>- млади ракометари – М;<br>- сениорска екипа.</td><td>1.000.000 ден.</td></tr>
<tr><td colspan="5">Конкретни цели:</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - поттикнување спортски навики и култура за спорт кај младите;<br>- учество на двете екипи на натпреварите при РФМ. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- повисок пласман. | | | | |
| 7. | **ЗГ КМФ „Млади“- Миравци** | 1. Турнир во мал фудбал „КМФ Миравци 2025“ | 10.7 – 4.8.2025 г. | - јуниорски екипи (100 деца, од кои 20 девојчиња);<br>- 250 сениори од различна возраст. | 100.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- популаризација на класичниот мал фудбал;<br>- зајакнување на спортскиот дух и навики во регионот;<br>- потикнување на натпреварувачкиот дух кај младите преку продолжување на традицијата на одржување на овој Турнир. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- поттикната физичката активност и зголемено учество на спортистите и аматерите;<br>- фер-плеј игра и тимска работа кај учесниците;<br>- создадени нови пријателства кај учесниците;<br>- зголемено присуство на публика. | | | | |
| 8. | **Мотоклуб „Ретки птици“- Гевгелија** | 1. Отворање на сезона на мотоциклисти преку МАМ Асоцијацијата<br><br>2. Рели- Независност на РСМ<br><br>3. Учество на Меѓународни мотособири<br><br>4. Гимкана во чест на починати членови на МК „Ретки птици“ | еднодневно- почеток на април 2025 година<br><br>6 - 8.9. 2025 г.<br><br>јуни 2025 г.<br><br>11.5.2025 г. | - членови на МК „Ретки птици“,<br><br>- членови на МК од цела држава,<br><br>- членови на МК „Ретки птици“,<br><br>- членови на МК „Ретки птици“. | 40.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- популаризација на мотоспортот во Гевгелија. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- успешно претставен Мото клубот „Ретки птици“ како афирматор на Општина Гевгелија- добар домаќин на мотособири и со учество на меѓународни мотособири. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | **Шаховски клуб „7 Ноември“- Гевгелија** | 1. Учество на сениорската екипа на Државни натпреварувања<br><br>2. Учество во Скопје, на Турнир за млади<br><br>3. Учество на Државно првенство за млади до 18 години во Струга<br><br>4. Меѓународен турнир во шах 2025 година<br><br>5. Турнир „7 Ноември“- Гевгелија | 4.7 – 13.7. 2025 г.<br><br>13.4 – 20.4.2025 г.<br><br>15.6 – 24.6 2025 г.<br><br>10.9.2025 г. | - членови на ШК, сениори<br><br>- членови на ШК, млади<br><br>- членови на ШК, млади<br><br>- членови на ШК од државата и странство,<br><br>- членови на ШК, сите возрасти. | 350.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- опстанок во 2. Лига;<br>- константно учество на натпревари и унапредување на шахот во градот; | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- подобрена ментална концентрација кај младите и возрасните;<br>- зголемени аналитички вештини и развиено логичко размилсување кај младите и возрасните;<br>- унапредена емпатија помеѓу возрасните и помладите;<br>- поттикнат професионален развој. | | | | |
| 10. | **Пинг-понг Клуб „Гевгдион 2023“- Гевгелија** | 1. Организација и одржување на Хуманитарен турнир во пинг-понг 2025 | август - септември 2025 г. | - 25-30 лица мажи и 10-15 лица жени кои рекреативно и професионално играат пинг-понг. | 50.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- промоција и развој на пинг-понгот во Гевгелија и околината;<br>- подобрување на условите за тренинг и спортување пинг-понг;<br>- вмрежување и споделување искуства помеѓу професионалци и рекреативци, поголем ангажман на млади. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Очекувани резултати:**<br>- спроведени месечни подготовки, тренинзи и пријателски натпревари;<br>- реализиран хуманитарен турнир во пинг-понг со учество на најмалку 36 натпреварувача;<br>- реализирана хуманитарна донација за граѓани од социјален ризик. | | | | |
| 11. | **Здружение за спорт и рекреација на инвалиди- Гевгелија** | 1. Квалификациони општински и меѓуопштински натпревари во бочија за инвалиди и пинг-понг натпревари | февруари- септември 2025 г. | лица со различен инвалидитет:<br>- 2 девојки (до 20 г.), 3 девојки (до 30 г.), 3 ж. (до 40 г.), 5 ж. (до 50 г.), 5 ж. (до 70 г.), 1 момче (до 18 г.), 4 м. (до 40 г.), 3 м. (до 50 г.), 1 м. (до 60 г.). | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- развивање и унапредување на спортувањето на лицата кои се со различен вид на попреченост. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Очекувани резултати:**<br>- одржани тренинзи, учество на натпревари и подобрени резултати од учество на натпреварите. | | | | |
| 12. | **Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“- Гевгелија** | 1. Тренинзи и учество на натпревари во атлетски повеќебој | јануари-јули 2025 г. | лица со различен инвалидитет:<br>- 2 девојки (до 20 г.), 3 ж. (до 40 г.), 2 ж. (до 50 г.), 4 ж. (до 70 г.), 2 момче (до 18 г.), 4 м. (до 40 г.), 2 м. (до 50 г.), 2 м. (до 60 г.). | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- развивање и унапредување на спортувањето на лицата кои се со различен вид на попреченост;<br>- поттикнување здрави животни навики кај лицата со попреченост. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- одржани тренинзи, учество на натпревари и подобрени резултати од учество на натпреварите. | | | | |
| 13. | **Училишен спортски клуб „Ристо Шуклев“- Негорци** | 1. Тренинзи и учество на општински, зонски, регионални и државни натпревари во футсал, кошарка и одбојка<br><br>2. Организирање рекреативни велосипедски тури до Негорски Бањи и пешачење до Мрзенски Рид | јануари-декември 2025 г. | - 60 ученици: 30 момчиња и 30 девојчиња. | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- подигнување на ангажираност на учениците во спортот;<br>- стекнување навики за редовно спортување и оспособување за почитување на етичките норми во Училиштето. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- ангажирани тренери;<br>- промовиран Клубот, привлечени нови членови и успешно функционирање на Клубот. | | | | |
| 14. | **Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија** | 1. Организација и одржување на Седмоноемвриска трка “November run Gevgelija 2025” | 1- 2 ноември 2025 г. | - 2.700 атлетичари и атлетичарки од земјата и странство. | 1.000.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување на здрав живот и здрави животни навики;<br>- секојдневно спортување. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- масовност на настанот;<br>- учество на 60% мажи и 40% жени. | | | | |
| 15. | **Емил Сламков за Тина Сламкова од Гевгелија** | 1. „Гевгелија сака и игра тенис“ (подготовка и учество на претстојната | 2025 г. | - 1 девојче. | 20.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | натпреварувачка сезона 2025 година на сениорско ниво во организација на International Tennis Federation Women Tour и ТФСМ | | | |

| | |
|---|---|
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување на интересот кај младите за тениската култура и отргнување од разни пороци и девијантно однесување и нивно насочување кон спортските активности и правилен физички развој. |
| | **Очекувани резултати:**<br>- успешно претставена Општина Гевгелија на тениските натпревари со постигнување на резултати;<br>- личен напедок и остварена промоција на спортот и физичката култура кај младите. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | **Карате клуб „Армор“- Гевгелија** | 1. Организација и одржување на Меѓународен Карате турнир Гевгелија | 26 април | - млади каратисти од државата и странство. | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување на натпреварувачкиот дух кај младите и занимавање со карате. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- одржан Меѓународен натпревар;<br>- учество на 500 момчиња и 500 девојчиња на Меѓународниот турнир во карате. | | | | |
| 17. | **Здружение за моторциклизам МОТОКРОС КЛУБ ГЕВГЕЛИЈА, с. Мрзенци** | 1. Организација и одржување на натпревар – Национален мотокрос шампионат на патеката „Милци“ во Гевгелија | во текот на 2025 година | - 100 деца и млади мотоциклисти од државата. | 120.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- развој на несекојдневните адреналински спортови- Мотокрос;<br>- запознавање на младите со здрав и дисциплиниран начин на живот за постигнување успех во којбило спорт. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- одржан настан;<br>- зголемен број на учесници од Гевгелија и други општини во државата. | | | | |
| 18. | **Здружение на граѓани Женски ракометен клуб „Ветерани југ“- Гевгелија** | 1. Учество на Балканска лига на ветерани во ракомет (Македонија и Балканските земји: Сараево, Нови Сад, Горажде и Струга) | февруари, март, август и октомври 2025 г. | - 15 ракометарки – ветеранки | 40.000 ден. |

| | |
|---|---|
| | - јакнење на тимскиот дух и конкурентноста на македонските ветерани во меѓународен контекст;<br>- размена на искуства и тактики меѓу ветераните од различни земји;<br>- инклузивност и мотивација на поранешните спортисти за активно учество во спортски активности. |
| | **Очекувани резултати:**<br>- зголемена поврзаност и соработка меѓу ветераните спортисти на локално и регионално ниво;<br>- поттикнато чувство на припадност и вреднување на улогата на ветераните во спортската заедница;<br>- создадени мрежи на поддршка и пријателство кои ќе траат и по завршување на спортските активности;<br>- подобрена физичката кондиција и здравјето на поранешните спортисти. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | **Слободанка Лозановска, Гевгелија** | 1. Подготовка и учество на претстојната натпреварувачка сезона 2025 година на сениорско ниво во организација на International Tennis Federation Women Tour и ТФСМ во и надвор од Македонија (Грција, Албанија и Бугарија) | во текот на 2025 година | - 1 девојче. | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- постигнување конкурентни резултати- обезбедување висок ранг на ITF Women's Tour во согласност со индивидуалните цели на играчите;<br>- подобрување на играчките перформанси- постојано усовршување на техничките, тактичките и физичките способности на тенисерките преку тренинг кампови и подготовки. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- пласман во завршните фази и поттикнат поголем интерес кај младите за започнување и продолжување на кариерата во тенис. | | | | |
| 20. | **Здружение Планинарски спортски клуб „Кожуф"- Гевгелија** | 1. Меморијален марш „Перо Илиевски" с. Ума;<br><br>2. Меморијален марш „Димитар Кангов"- Кангата, врв Зелен Брег;<br><br>3. Меморијален марш „д-р Ѓорге Петков" врв Мала Рупа;<br><br>4. Патронат „Томе Шутов-Кротки" врв Двете Уши<br><br>5. Четири акции „Родители – деца" на Кожуф Планина;<br><br>6. Планинарска акција-Инклузивно планинарење. | 1.1. – 31.12.2025 г. | - 80 жени, 50 девојчиња;<br><br>- 70 мажи, 50 момчиња. | 140.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- создавање навики кај децата, младите и повозрасната категорија граѓани за поминување на слободното време во природа | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- зголемен интерес кај граѓаните и децата за членство во ЗПСК „Кожуф"- Гевгелија | | | | |
| 21. | **Здружение за заштита на животна средина и едукација на деца и млади „ЕКО ЛАЈФ"- Гевгелија** | 1. Оранизација и одржување на Гевгелиска детска олимпијада 2025 (едукативни работилници, одржување на Олимп. детски игри) | 15.4. – 15.6. 2025 г. | 30 ученика од основните училишта | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттик за поголем интерес кај децата и младите за уште поактивно вклучување во различни спортско-рекреативни активности;<br>- подигнување на свеста од потреба за спортско рекреативни активности. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Очекувани резултати:**<br>- поттикнат развој на забавниот и рекреативниот живот на децата и младите од Општина Гевгелија;<br>- подигната свест за поголемо вклучување во спортско-рекреативните активности кај 20% од децата и младите во Општина Гевгелија;<br>- реализирани работилници;<br>- реализиран настан. | | | | |
| 22. | **Училишен спортски клуб „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија** | 1. Тренинзи и учество на општински, зонски, регионални, државни натпревари и лиги во училишен спорт (фудбал, | јануари – декември 2025 г. | 200 ученика од СОУ „Јосиф Јосифовски“- 100 Ж и 100 М | 30.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | футсал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг, атлетика, тенис, серва, баскет 3х3) | | | |
| | **Конкретни цели:**<br>- подигнување на ангажираност на учениците во спортот;<br>- стекнување навики за редовно спортување и оспособување за почитување на етичките норми во Училиштето. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- учество и постигнати успеси на општинско, зонско, регионално и државно првенство;<br>- подобрена психофизичката моторика и способност кај учениците. | | | | |
| 23. | **Кошаркарски клуб „Гевгелија“- Гевгелија** | 1. Тренинзи и натпревари во Трета државна лига мажи<br><br>2. Тренинзи на женска екипа, категории М16 и М18 | до мај 2025 г.<br><br>сезона 2025/26 | 15 момчиња<br><br>12 девојчиња | 850.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- стекнување навики за спортски и здрав живот;<br>- пласман во Втора државна лига и натпреварување на женската екипа во сезоната 2025/2026 година. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- тренерска кариера на младите;<br>- зголемен бројот на членови во Клубот;<br>- обезбеден пласман во Втора државна лига;<br>- стекнато искуство и физичка подготвеност на женската екипа за натпреварување во сезоната 2025/2026 година. | | | | |
| 24. | **Фондација „Ице Бегов“- Скопје** | 1. Организација и одржување на Инклузивна трка „November run- Run together” | ноември 2025 година | 1000 лица, од кои поголем дел се лица со попреченост од различни градови во државата | 100.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување физичка активност и здрави навики кај сите граѓани;<br>- подобрување на инклузијата и социјалната свест особено за лицата со попреченост;<br>- зголемување на бројот на учесници- лица со попреченост (20%). | | | | |

| | |
|---|---|
| | **Очекувани резултати:**<br>- зголемено учеството на лицата со попреченост за 20% од 10 града во државата; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - подигната свест за важноста на инклузијата и спортската активност во Гевгелија и пошироко;<br>- поттикнати здрави животни навики преку инклузивен спортски настан. | | | | |
| 25. | **Планинарски спортски клуб „Двете уши“- Гевгелија** | 1. 7. традиционален планинарски марш од републички карактер (Смрдлива Вода – Исирова пресека – Натстрешница – Сува Рупа – Мала Рупа;<br><br>2. Планинарска акција: Михајлово – Дудица – Караула Шаренка – Порта – Зелен Брег – Мала Рупа – Срдлива Вода;<br><br>3. Планинарски предизвик: Врвови на Кожуф;<br><br>4. Кампување на Кожуф. | 1.1. – 31.12.2025 г. | 50 члена- 20 Ж и 30 М | 140.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување планинаризам, негување и унапоредување на природата, развој на планинарските спортови. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- зголемено членство во ПСК „Двете уши“- Гевгелија;<br>- развиена физичка култура на членовите на Клубот и младите;<br>- развиени солидарност и пријателства, создадени партнерства. | | | | |
| 26. | **Александар Грујиќ, Гевгелија** | 1. Подготовки и учество на државни и интернационални турнири во тенис ИТФ и МТФ (зимски камп во Академија Херодатоу во Кипар, тренинзи во Гевгелија, Летен камп во Хрватска, ТК Доњи Михољац) | јануари – декември 2025 година | 1 спортист | 20.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Конкретни цели:**<br>- освојување 1. место за јуниори до 16 години во МТФ;<br>- рангирање на листата на ТИА (Tennis Europe) во првите 50 и на ИТФ во првите 100. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- освојување 1. место за јуниори до 16 години во МТФ;<br>- рангирање на листата на ТИА (Tennis Europe) во првите 50 и на ИТФ во првите 100. | | | | |
| 27. | **Анита Гошевска, Гевгелија** | 1. Инклузија преку спорт и рекреација (пешачење, бочија, полигон со препреки, игра со топка- фудбал и баскет) | април – јуни 2025 година | 15 лица со попреченост | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- социјализација и инклузија на лицата со интелектуална попреченост;<br>- подобрување и одржување на физичкото и менталното здравје на лицата со интелектуална попреченост;<br>- обезбедување повеќе слободно време за родителите/старателите на овие лица за нивните секојдневни потреби и обврски. | | | | |
| | **Очекувани резултати:** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - лицата се интегрирани во заедницата преку осмислени физички активности со стручни лица;<br>- подигната менталната и физичката здравствена состојба и подобрена социјализација и интеграција. | | | | |
| 28. | **Футсал Клуб „Проект“- Гевгелија** | 1. „Футсаленд“- организација и одржување на натпревари во Прва футсал лига на РМ | 1.2. – 15.12.2025 година | 10 екипи од Скопје, Штип, Кавадарци, Струга, Куманово и Велес | 80.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- промоција, афирмација и популаризација на општина Гевгелија на државно и меѓународно ниво преку освојување на Шампионатот на Македонија во футсал и учество во Европската лига на шампиони на УЕФА;<br>- популаризација на футсалот во општината и РМ преку анимирање на што повеќе млади и нивно насочување во спортувањето;<br>- поттикнување на напреварувачкиот дух, дружење и можност за лична и колективна афирмација;<br>- следење на натпреварите и спортска релаксација на публиката на секоја возраст. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- масовна посетеност на натпреварите. | | | | |
| 29. | **Влатко Семенаков, Гевгелија** | 1. Учество на Меѓународни и домашни трки во атлетика (ултрамаратони, штафетни) | 3 јануари – 27 декември 2025 година | 1 спортист | 20.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Конкретни цели:**<br>- личен раст и развој во атлетиката;<br>- пример за младите и возрасните за редвоно спортување и почитување на етичките норми во општеството. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- постигнат најголем успех на трките и поттикнати што поголем број самостојни учесници од општина Гевгелија. | | | | |
| 30. | **Тодор Анчев, Гевгелија** | 1. Учество на Меѓународни и домашни трки | 3 јануари – 27 декември 2025 година | 1 спортист | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- личен раст и развој во атлетиката;<br>- претставување на Атлетскиот клуб „7 Ноември“;<br>- пример за создавање навики кај младите за редовно спортување. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- постигнат најголем успех на трките и поттикнати што поголем број самостојни учесници од општина Гевгелија. | | | | |
| 31. | **Кошаркарски клуб „Кожув“ АД Гевгелија** | 1. Кошаркарско првенство- СУПЕРЛИГА сениори<br>2. Куп на С. Македонија- Сениори<br>3. Младинска лига М-18<br>4. Младинска лига М-16<br>5. Младинска лига М-14 | јануари- мај сезона 2024/2025 и септември –декември полусезона 2025/2026 година | 120 спортисти М | 9.500.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Конкретни цели:**<br>- промоција на кошарката како спорт;<br>- стекнување здрави навики и спортување на младите;<br>- поттикнување на спортскиот и наптреварувачкиот дух;<br>- промоција на градот во домашни и меѓународни рамки;<br>- формирање младински екипи во женска категорија. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- пласман помеѓу најдобрите 8 екипи;<br>- дадена шанса на најмладите да играат и да се развиваат. | | | | |
| 32. | **Фудбалски клуб „Кожуф“- Гевгелија** | 1. Тренинзи и натпреварување во 2. Македонска фудбалска лига | до 15.06.2025 година | 200 члена на возраст до 16 години- М;<br>7 члена на 16 години- М во прв тим. | 5.000.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- развивање на младинските категории;<br>- форсирање фубдалери од својата школа во првиот тим. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- поголема масовност на деца во Клубот;<br>- пласман помеѓу првите 6 места во 2. лига сезона 2024/2025 г. | | | | |
| 33. | **Здружение на слепи лица- Гевгелија** | 1. Организација и одржување на Меѓународен викенд шаховски турнир | август 2025 година | 40 шахисти од Гевгелија, државата и странство (20 мажи, 15 жени, 4 момчиња и 1 девојче) | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување здрав и активен живот со развивање интелектуален капацитет и дисциплина;<br>- создавање можност за вмрежување и размена на искуства меѓу слепите и слабовидните шахисти;<br>- поддршка за развој на спортскиот дух и вредности за фер-игра. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- зголемено учеството и интеграција на слепите лица- најмалку 50 играчи од различни земји, 40% жени и 50% мажи;<br>- развиени вештини и социјални врски;<br>- подигната свест за правата на слепите лица;<br>- подобрени условите за спорт | | | | |
| 34. | **Спортски клуб на слепи лица „Аурора“- Гевгелија** | 1. Организација и одржување на Меѓународен викенд шаховски турнир | август 2025 година | 40 шахисти од Гевгелија, државата и странство (20 мажи, 15 жени, 4 момчиња и 1 девојче) | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување здрав и активен живот со развивање интелектуален капацитет и дисциплина;<br>- создавање можност за вмрежување и размена на искуства меѓу слепите и слабовидните шахисти;<br>- поддршка за развој на спортскиот дух и вредности за фер-игра. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- зголемено учеството и интеграција на слепите лица- најмалку 50 играчи од различни земји, 40% жени и 50% мажи;<br>- развиени вештини и социјални врски; подигната свест за правата на слепите лица; подобрени условите за спорт. | | | | |
| 3 | **Здружение на** | 1. Меморијален турнир во | 31 јуни – 4 | машки и женски | 80.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **граѓани „Иван Пенов“- Гевгелија** | баскет 3х3 | август 2025 година | екипи од општина Гевгелија | ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување здрав живот и здрави навики кај младата популација и поттикнување на натпреварувачкиот дух преку активно спортување кошарка. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- поголема заинтересираност за учество на младите на Турнирот и изградени професионалци во кошарка преку одржување на споменот за ликот и делото на Иван Пенов. | | | | |
| 36. | **Здружение на граѓани „Гевгелија Точак Клуб“** | 1. Организација и одржување на спортско-рекреативна манифестација „Сите уф Серменин“ (забавен рекреативен дел и mountain biking натпревар) | 27 и 28 септември 2025 година | - 150 учесници, женски и машки жители на општина Гевгелија | 70.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување здрав живот и развој на спортскиот дух во општина Гевгелија;<br>- организација на спортски и еколошки активности;<br>- поттикнување дискусии и заеднички активности за идентификација на можности за заеднички иницијативи на граѓанските здруженија;<br>- традиционализирање на настанот;<br>- промоција на Серменин како туристичка дестинација | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- вклучени најмалку 15 здруженија во активностите;<br>- присутни 150+ учесници и 1.200 посетители;<br>- вмрежени 15 здруженија на граѓани од општина Гевгелија;<br>- зголемена промоција на Серменин како туристичка дестинација со зголемување на бројот на посетители до 20%, до крајот на 2025 година. | | | | |
| 37. | **Здружение на граѓани „Чејнџмејкерс“- Гевгелија** | 1. Организација и одржување на спортската манифестација „Гевгелија на точак“ (велосипедско дефиле и хронометарски велос. трки) | Спасовденски чествувања, мај 2025 година | - 150 учесници, женски и машки жители на општина Гевгелија | 30.000 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување за користење на велосипедот како превозно средство;<br>- поттикнување физичка активност и здрави навики;<br>- зголемување на бројот на учесници. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- зголемен бројот на граѓани кои користат велосипед;<br>- 2.500 учесника. | | | | |
| 38. | **Здружение на граѓани Навивачки клуб „Фантоми Север “- Гевгелија** | 1. Организација и одржување на Меморијален турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“ | 15. 7. – 30.7. 2025 година | - машки екипи од Гевгелија и регионот | 150.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- поттикнување на младите за тренирање фудбал;<br>- одржување на споменот за ликот и делото на Никола Гелебешев, голманската легенда и фудбалски тренер. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Очекувани резултати:**<br>- зголемен бројот на екипи кои ќе учествуваат на Турнирот и одржан споменот за ликот и делото на Никола Гелебешев. | | | | |
| 39. | **Димитар Кочев, Гевгелија** | 1. Организација и одржување на традиционален фудбалски натпревар за Спасовден | 29 мај 2025 година | - две машки екипи од Гевгелија и Валандово | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- продолжување на традиционалниот пријателски и натпреварувачки дух на двете општини од Југоисточниот Регион;<br>- зајакнување на меѓуопштинскиот спорт во областа на спортот. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- промовирани млади фудбалери;<br>- зајаканат пријателски и спортски однос помеѓу двете општини. | | | | |
| 40. | **Михаела Лазаровска, Гевгелија** | 1. Подготовка и учество на балкански и европски првенства во дисциплини висок скок 400 м. и 800 м. | јануари - април 2025 година | - 1 спортист - Ж | 30.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- специјализирана подготовка за учество;<br>- промоција на општина Гевгелија во атлетиката, конкретно во спорт во далечина. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Очекувани резултати:**<br>- постигнати врвни резултати. | | | | |
| 41. | **ДПТУ ФК „ЗОРБАС – ПОБЕДА“ ДОО Гевгелија** | 1. Натпреварување во Општинска лига | 2025 година | - 1 спортист - Ж | 20.000 ден. |
| | **Конкретни цели:**<br>- афирмација на ФК „Зорбас Победа“ ДОО Гевгелија. | | | | |
| | **Очекувани резултати:**<br>- успешно натпреварување во Општинска лига. | | | | |
| 42. | **Одржување спортски терени во општина Гевгелија** | | | | 480.000 ден. |
| 43. | **Дополнителни средства** | | | | 1.716.000 ден. |
| **Вкупно:** | | | | | **21.000.000 ден.** |

- За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма, а ќе се појават во текот на 2024 година и се од општ интерес за општината, Советот на Општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградбата на спортски објекти е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2025 година.

**ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ**

- Освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Гевгелија спортските манифестации ќе ги поддржува и помага со покровителство и доделување награди, признанија и пригодни подароци.

<table>
<tr><td colspan="2">4.1. Индикатори:<br>* за правни лица:<br>- број на поддржани машки и женски спортски клубови;<br>- број на поддржани правни лица кои реализираат активности од обласа на спортот;<br>- број на жени и мажи во раководните органи на правните лица;<br>- број на жени и мажи- носители на програмските активности;<br>- број на  жени и мажи- учесници во програмските активности.<br>- број на ученици и ученички вклучени во активностите на училишните спортски клубови;<br>* за физички лица:<br>- број на поддржани самостојни спортисти и спортистки.<br><br>4.2. Носител/извршител на мерката:<br>- Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и Одделение за финансиски прашања.</td></tr>
<tr><td>5. Очекувани резултати од мерките</td><td>Согласно мерливите индикатори за следењето на состојбата и разделени статистички податоци, ќе се анализира дали се постигнати целите на мерките од Програмата за подобрување на положбата на жените и мажите во обласста на културата на локално ниво. И тоа:<br>- жените и нивните потреби и барања се вклучени во процесите на креирање политики, програми и буџети на локално ниво;<br>- систематско и одржливо користење на родово-одговорно буџетирање како алатка од страна на буџетските корисници на локално ниво;<br>- редовно собирање и ажурирање на родово-разделени податоци кај сите релевантни чинители;<br>- родова застапеност во рекреативни и професионални спортски активности;<br>- зголемена финансиска поддршка на локално ниво за женски спортски клубови и спортистки.<br><br>Останати очекувани резултати од мерката:<br>- развој на масовниот спорт и рекреативните активности;<br>- поголема застапеност на младите и лицата со попреченост во спортските активности и манифестации;<br>- развој на сите видови спорт на подрачјето на општина Гевгелија;<br>- развој на спортскиот туризам;<br>- квалификации на спортските клубови во лигите;<br>- унапредување на соработката помеѓу локалната самоуправа и спортските субјекти;<br>- континуирана финансиска и логистичка поддршка на спортски манифестации со цел да прераснат во традиционални.</td></tr>
<tr><td>6. Ризици</td><td>Економска и здравствена криза</td></tr>
<tr><td>7. Буџет на програмата и извори на финансирање</td><td>21.000.000 денари од буџетската програма L0- Спорт и рекреација</td></tr>
<tr><td>8. Следење и</td><td>Следењето на Програмата ќе се врши согласно</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **известување/евалуација** | доставените Наративни и финансиски извештаи на корисниците, коишто поднеле барање за исплата на одобрените средства за реализација на нивните активности.<br>Извештајот за реализација на Програмата ќе го подготви Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт и ќе го достави на усвојување од Советот на Општина Гевгелија.<br>За секоја одржана активност од Програмата во текот на годината, Општина Гевгелија ги известува граѓаните преку нејзините официјални веб- и Фејсбук-страна. |
| **9. Завршни и преодни одредби** | За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.<br>Оваа Програма влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“. |

Бр.09-144/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Ѓорге Попов с.р.**

-------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2024 година.**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2024 година.што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/9
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 22.01.2025 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2024 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2024 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-145/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програмата за проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2025 година.**

Се објавува Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во Општина Гевгелија за 2025 година.што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/10
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

-----------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.) и член 38 став (1) точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.01.2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

**за финансирање проекти, манифестации и значајни настани на Месните заедници во општина Гевгелија во 2025 година**

**1.Цел**

Основна цел на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места. Одржувањето на културните и другите активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во средините каде што живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

**2.Активности**

Во 2025 година Општина Гевгелија ќе ги поддржи следниве активности на месните заедници :

| Р.бр. | Предлагач на проектот | Име на програмски активности | Одобрени средства од Буџетот на Општина Гевгелија |
|---|---|---|---|
| 1 | Месна заедница ,,Прдејци“-с.Прдејци | Коледарски хепенинг, Свети Трифун, панаѓурски дружења, 11-ти Октомври,Прдејчка вечер ,Новогодишна прослава | 30.000 ден. |
| 2 | Месна заедница "Ново Конско" - с.Ново Конско | Празнување на панаѓур во с. Ново Конско,одбележување на Стара нова година | 20.000 ден. |
| 3 | Месна заедница "Габрово" - с.Габрово | Празнување на панаѓур во с.Габрово; Митровден | 20.000 ден. |
| 4 | Месна заедница "Моин" - с.Моин | Новогодишни пакетчиња; Панаѓур во селото; 11-ти Октомври | 30.000 ден. |
| 5 | Месна заедница "Богородица" - с.Богородица | Првомајски трки; панаѓурски смотри; новогодишни пакетчиња,Василица,Цвеќиња за 8-ми Март | 30.000 ден. |
| 6 | Месна заедница ,,Трајко Алчинов“ с.Старо Конско | Илинденски средби, прослава на панаѓур за Митровден, Коледе | 20.000 ден. |
| 7 | Месна заедница "Серменин" - с.Серменин | Прослава на панаѓур на Илинден,прослава на Митровден,ручек во црквата Св. Ѓоргија,прослава на Велигден | 20.000 ден. |
| 8 | Месна заедница " Смоквица " - с. Смоквица | Празнување на панаѓур за Митровден,Прослава на Василица | 20.000 ден. |
| 9 | Месна заедница " Давидово " – с. Давидово | Прослава Василица; одбележување на празникот Св.Илија; | 20.000 ден. |
| 10 | Месна заедница " Мрзенци " – с. | Организирање на "Мрзенска вечер",Панаѓур | 20.000 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Мрзенци | | |
| 11 | Месна заедница " Петрово " – с. Петрово | Прослава на панаѓур ,прослава на Василица | 20.000 ден. |
| 12 | Месна заедница " Милетково " – с.Милетково | Панаѓур во селото,Фудбалски натпревар | 20.000 ден. |
| 13 | | Други активности | 130.000 ден. |
| | **ВКУПНО:** | | **400.000 ден.** |

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-146/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички план за село (УПС) (КП бр.1008 и 1009 КО Ума)**

Се објавува Одлуката за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички план за село (УПС) (КП бр.1008 и 1009 КО Ума).што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/11
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на РСМ“ бр.174/21) член 2 став (1) и став 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на

бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 22.01.2025год., донесе

# ОДЛУКА
## За утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички план за село (УПС) (КП бр.1008 и 1009 КО Ума)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички план за село (УПС), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект – станбена куќа (А1-1) на КП бр. 1008 и 1009 КО Ума согласно Закон за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), а по барање Уп.1 бр.11-510-л од 27.12.2018год. од **Кристина Митовска** со адреса на ул. „Серменинска“ бб во Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,

Бр.09-147/1
22.01.2025год
.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
,
**Ѓорге Попов с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

# З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за усвојување на годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом ,,Јосип Броз Тито“ – Гевгелија за 2025 година

Се објавува Решението за усвојување на годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом ,,Јосип Броз Тито“ – Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/12
22.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 7 од Законот за култура (,,Службен весник на РМ“ бр.1/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 11/18 и 265/24 г.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 22.01.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом ,,Јосип Броз Тито“ – Гевгелија за 2025 година**

1.Се усвојува Годишниот финансов план на ЈОУ Пионерски дом ,,Јосип Броз Тито“-Гевгелија за 2025 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-07/1 од 15.01.2025 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-148/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска сорботка**

Се објавува Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска сорботка, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/13
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр.79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр.05/02) и член 89 став (1) од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, и 05/21) Советот на Општина Гевгелија на 56 седница одржана на ден 22.01.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска сорботка**

**Член 1**

Советот на Општина Гевгелија го прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврден од Совет на Општина Кавадарци бр.08-6869/75 од 26.12.2024 година, поднесен од градоначалникот на Општина Кавадарци со арх.бр.08-6982/1 од 24.12.2024 година, за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општината утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа, а кои се однесуваат на соработка за унапредување на економскиот развој на општините, преку соработка со управувањето со Повардарскиот регион (Општините Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Велес, Градско, Демир Капија, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци) за промоција на поширокиот Повардарски регион како туристичка дестинација и стратешки развој на туристичка дестинација.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија" .

Бр.09-149/1
22.01.2025 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска сорботка**

Се објавува Одлуката за формирање заедничка комисија за меѓуопштинска сорботка, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/14
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

----------------------------------------------------------

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/2009) Советот на Општина Гевгелија на 56-та седница одржана на ден 22.01.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на заедничка комисија**

**Член 1**

Се формира заедничка комисија за Меѓуопштинска соработка.

**Член 2**

Заедничката комисија за МОС:

- ќе изготви предлог акт за воспоставување на МОС
- ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува МОС

Заедничката комисија ги доставува предлог актите до советите на општините: Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Велес, Градско, Демир Капија, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка, во рок од 7 дена.

**Член 3**

Заедничката комисија е составена од 12 членови, од кои по 1 член од секоја од општините: Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Велес, Градско, Демир Капија, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја координира работата на комисијата.

Во работата на комисијата може да учествуваат и стручни лица од областа во која се воспоставува меѓуопштинската соработка.

**Член 4**

Комисијата од член 1 на оваа одлука, предлозите на актите ги подготвува врз основа на претходно направена анализа.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-150/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

-------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија**

Се објавува Решението за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/15
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и 202/24 год.), а во врска со член 35, 37 и 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10…....11/18 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20,

02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 22.01.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за разрешување член во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија

1. Се разрешува Димитар Јованов од Гевгелија, од функцијата член на Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура ″Македонија″ -Гевгелија, заради негово именување од Владата на РСМ како член на УО на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија.

2.По еден примерок од ова Решение да се достави до разрешениот член и до ЈОУ Дом на култура ″Македонија″ - Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-151/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

# З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 22.01.2025 година.

Бр.08-159/16
23.01.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и 202/24 год.), а во врска со член 35, 37 и 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10…....11/18 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 22.01.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за именување член во Управниот одбор на**
**ЈОУ Дом на култура "Македонија"- Гевгелија**

1.За член во Управниот одбор на ЈОУ Дом на култура ″Македонија″ - Гевгелија, се именува: **Кире Витанов, дипл.правник од Гевгелија.**

2.По еден примерок од ова Решение да се достави до именуваниот член и до ЈОУ Дом на култура ″Македонија″ -Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-152/1
22.01.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-30/2**
**17.01.2025год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА**

**Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија**
**и**
**Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија изнесува 777.000,оо m2 односно 77,7 ha, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

- на запад осовина на улица ,,7-ми Ноември,,
- на север улица ,,Новопланирана 8,, и улица ,,Новопланирана 3,,
- на исток улица ,,Борис Кидрич,,
- на југ Булевар ,,Гевгелија,,

Во предметниот плански опфат се предвидува зона за градби со намена

• А – домување - А2-Домување во станбени згради
• Б – комерцијални и деловни намени
• (А,Б) - комерцијална зона
• В - јавни институции - В4 - државни институции
• Г- производство, дистрибуција и сервиси - Г2- лесна индустрија - Г3- сервиси - Г4-стоваришта
• Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори - Д2-Заштитно и сообраќајно зеленило
• Е – инфраструктура -Е1- комунална инфраструктура -Е2- комунална супструктура-бензинска пумпна станица со придружни содржини -Е3- некомпатибилна инфраструктура-трафостаница 110кВа.

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5), општина Гевгелија изнесува 40.211,оо m2 односно 4,02 ha, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

- од **север** опфатот е дефиниран по осовина на новопланирана сервисна улица “3” и по граници на катастарски парцели
- од **исток** опфатот е дефиниран по граница на катастарски парцели, по осовина на новопланирана сервисна улица “5” и новопланирана сервисна улица “1”
- од **југ** опфатот е дефиниран по осовина на Булевар ,,Гевгелија,,
- од **запад** опфатот е дефиниран по осовина на улица ,,Борис Кидрич,,.

Во предметниот плански опфат се предвидува зона за градби со намена

- Б – комерцијални и деловни намени
- Д – зеленило, рекреација и меморијални простори
- Е – инфраструктури.

**Стручната расправа** по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и **Јавната анкета** по Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029) ќе се спроведе како обединета постапка со времетраење од **30 дена,** и тоа **од 05.02.2025 до 05.03.2025г.**

Во утврдениот рок за јавна анкета заинтересираните граѓани и правни лица како и државните органи и други институции на анкетни листови ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења по Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел

од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029) во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Урбанистичките планови ќе бидат изложени на огласна табла во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, во информацискиот систем е-урбанизам и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk. а информации за истите може да се добијат секој работен ден од 08.00 - 16.00 часот.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија и Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија во аналогна форма ќе се одржи **на ден 05.02.2025г. (среда) во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

**Јавната расправа** за Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) со која ќе се стави на увид и проверка пред широката јавност ќе се одржи **на ден 05.03.2025 година (среда) со почеток во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

**Стручната расправа** по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) ќе се одржи **на ден 13.03.2025 година (четврток) во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

Стручната јавност може да ги достави своите забелешки, предлози и мислења по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034), најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов с.р.***

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
градежништво и заштита на животна средина
бр.11-31/2-3
15.01 2025 година
Гевгелија

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Гевгелија, Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, Одделение за урбанизам, архитектура градежништво и заштита на животната средина, согласно член 84 од Законот за Општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр.124/15 и бр.65/18), ги известува:

- Стојков Слободан
- Стојкова Лозена

како и сите непосредни соседи на градежната парцела за која се однесува одобрението и сите заинтересирани странки, дека на ден 15.01.2025 година, со бр.11-31/1 е издадено одобрение за

градење на објект со намена станбена зграда (А2) на КП бр.2934/1, 2934/2, 2934/3, 2933/6 и КП бр.2943/4, г.п. 4.2.10 КО Гевгелија во општина Гевгелија.

Согласно член 62-а од Закон за градење („Сл. весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 ,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14 ,42/14, 115/14 ,149/14 , 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 64/18, 168/18 и „Службен весник на РСМ“ 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24 и 255/24), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во просториите на Одделение за урбанизам, архитектура градежништво и заштита на животната средина во општина Гевгелија, секој работен ден од 8.00 – 16.00 часот, во рок од 15.дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА,
**Андон Сарамандов**

Изработил:
Ивана Баламовска Илиева,

Раководител на сектор:
Ирена Томчева,

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА“, Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. „Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија***